**Република Македонија**
**Народен правобранител**

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

**за**

**состојбата со запишувањето на Ромите во прво одделение и нивното распоредување по паралелки меѓу учениците од друга етничка припадност во учебната 2014/15 година**

**Скопје,**
**октомври 2015 година**

## ВОВЕД

Народниот правобранител како орган за заштита на правата на граѓаните, а во тој контекст и за заштита на правата на децата, покрај постапувањето по поднесени претставки, ја следи и состојбата со остварувањето и заштитата на правата на децата во Република Македонија, за што со посебни информации и извештаи ги информира надлежните органи.

Тргнувајќи од принципот на најдобар интерес на детето и правото на непречено образование, согласно Конвенцијата за правата на детето и Законот за основното образование, Народниот правобранител ги следеше уписте на учениците, со акцент на запишувањето на првачиња од ромска етничка заедница во учебната 2014/2015 година. Целта на активноста беше да се утврди бројот на ученици Роми во прво одделение, составот на паралелките во училиштата каде се распоредуваат учениците Роми и колку при уписите во основните училишта во Македонија се почитува одлуката за реонизација.

Според Законот за основното образование секое дете има право на основно образование и се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожа, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование, утврдени со овој закон.

Целите на основното воспитание и образование се: стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование, хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности, развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо, развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки.

Исто така, воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права, развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет,воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции, усвојување општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојно креативно дејствување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и за изразување во уметноста и културните традиции. Развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми,вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби, развивање

на надареноста на учениците во различни области и унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

Од друга страна, според Конвенцијата за правата на детето образованието на детето треба да биде насочено врз развојот на личноста на детето и развојот на надареноста и менталните и физички способности до крајни граници, при што детето се подготвува за одговорен живот во слободно општество, во дух на разбирање, мир, толеранција, еднаквост на половите и пријателство.

Исто така, и во Стратегијата за Роми во Република Македонија од 2005 година интеграцијата и партиципација на Ромите во општеството, вклучително и инклузивноста на Ромите во образовниот процес е предвидена како една од главните цели.

## I Спроведено истражување

Народниот правобранител за целите на истражувањето се водеше од податоците од Пописот на население, домаќинства и станови во Република Македонија од 2002 година на Државниот Завод за статистика ( во натамошниот текст Попис 2002), како и од податоците добиени од Министерството за образование и наука (понатаму во текстот МОН), во врска со бројот на запишани првачиња во основните училишта во Р.Македонија за учебната 2014/15 година.

Заради согледување на состојбата со вклученоста на Ромите во прво одделение, основно образование, Народниот правобранител достави Прашалник до 72 основни училишта во 25 градови низ Републиката, во кои според податоците од Пописот 2002 има поголем број на ромско население, односно основни училишта во кои според податоците од МОН има најмалку 2 запишани Роми првачиња во учебната 2014/15 година.

Прашалникот содржеше прашања за вкупен број запишани првачиња во 2014/2015 година, број на формирани паралелки, состав на истите, број на распоредени првачиња Роми по паралелка, дали Советот на општината има донесено одлука за реонизација, дали при запишување се постапува согласно одлуката, односно дали се почитува Законот за основното образование при упис на ученици во прво одделение.

Согласно податоците добиени од Министерството за образование и наука за бројот на запишани првачиња Роми во учебната 2014/15 година, опфатено е по едно основно училиште од **Берово, Виница Делчево, Демир Капија, Кичево, Кратово, Неготино, Охрид**, **Пехчево Пробиштип** и **Струга**. По две основни училишта се анализирани во **Велес Дебар Кочани Крива Паланка Прилеп Ресен**. Во **Струмица и Гостивар** беа опфатени три училишта, во **Битола** и во **Тетово** беа опфатени четири основни училишта, во **Кавадарци** пет основни училишта и во **Куманово и Штип** беа опфатени шест основни училишта, и во

**Скопје** беа опфатени осумнаесет основни училишта.[1] Во овој контекст, податоците во оваа Информација се однесуваат на 72 основни училишта од 25 градови во Република Македонија.

*Табела бр.1 Податоци за бројот на Ромите, согласно Пописот на население од 2002 година*

| Име на град | Вкупен број на жители | Вкупен број на Роми | Процент на Роми од вкупното население |
|---|---|---|---|
| **Берово** | 13.941 | 459 | 3,29 |
| **Битола** | 95.385 | 2.613 | 2,73 |
| **Богданци** | 8.707 | 1 | 0,01 |
| **Валандово** | 11.890 | 32 | 0,26 |
| **Велес** | 58.868 | 927 | 1,57 |
| **Виница** | 19.938 | 1.230 | 6,16 |
| **Гостивар** | 81.042 | 2.237 | 2,76 |
| **Гевгелија** | 22.988 | 13 | 0,05 |
| **Дебар** | 19.542 | 1.080 | 5,52 |
| **Делчево** | 17.505 | 651 | 3,71 |
| **Демир Капија** | 4.545 | 16 | 0,35 |
| **Демир Хисар** | 9.497 | 11 | 0,11 |
| **Кавадарци** | 42.753 | 679 | 1,58 |
| **Кичево** | 30.138 | 1.630 | 5,4 |
| **Кочани** | 38.092 | 1.951 | 5,12 |
| **Кратово** | 10.441 | 151 | 1,44 |
| **Крива Паланка** | 20.820 | 668 | 3,2 |
| **Крушево** | 9.684 | / | 0,00 |
| **Куманово** | 105.484 | 4.256 | 4,03 |
| **М.Каменица** | 8.110 | 14 | 0,17 |
| **М.Брод** | 7.141 | 3 | 0,04 |
| **Неготино** | 19.212 | 453 | 2,35 |

[1] Согласно добиените податоци од МОН и во горенаведените градови бројот на основни училишта е поголем, но во анализата се обработени податоци од училишта во кои има најмалку 2 ученици од ромска припадност. Од 34 градови во Р.Македонија не се анализирани податоци за основните училишта во Св.Николе, М.Каменица, М.Брод, Богданци, Валандово, Гевгелија, Радовиш, Демир Хисар и Крушево каде што е запишано само по едно прваче Ром (Богданци, Валандово и Гевгелија), или во градови каде што нема ниту едно прваче Ром (Св.Николе, Македонска Каменица, Македонски Брод, Радовиш, Демир Хисар, Крушево).

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Охрид** | 55.749 | 69 | 0,12 |
| **Пехчево** | 5.517 | 390 | 7,06 |
| **Прилеп** | 76.768 | 4.433 | 5,77 |
| **Пробиштип** | 16.193 | 37 | 0,22 |
| **Ресен** | 16.825 | 184 | 1,13 |
| **Радовиш** | 28.244 | 271 | 0,95 |
| **Св.Николе** | 18.497 | 72 | 0,38 |
| **Скопје** | 506.926 | 23.475 | 4,63 |
| **Струга** | 63.376 | 116 | 0,18 |
| **Струмица** | 54.676 | 147 | 0,26 |
| **Тетово** | 86.580 | 2.357 | 2,72 |
| **Штип** | 47.796 | 2.197 | 4,59 |

Според податоците од Пописот во 2002 година на Државниот завод за статистика, само во еден град (Крушево) нема ромско население. Еден Ром има во Богданци, 3 во Македонски Брод, 11 во Демир Хисар, 13 во Гевгелија, 14 во Македонска Каменица, 16 Роми има во Демир Капија, 32 во Валандово, 37 во Пробиштип, 69 во Охрид и 72 во Свети Николе, 116 во Струга, 147 во Струмица, 151 во Кратово, 184 во Ресен.

Повеќе од 1000 Роми живеат во Виница, Дебар, Кичево и Кочани, а над 2000 Роми, според статистичките податоци од Пописот 2002 живеат во Битола, Гостивар, Куманово, Прилеп, Тетово и Штип. Во Скопје има најмногу Роми 23.475.

*Табела 2:* Број на запишани првачиња Роми по градови во учебната 2014/15

| Име на град | Вкупен број на жители | Вкупен број на Роми | Процент на Роми од вкупното население | Број на запишани првачиња Роми (според истражувањето на НП) |
|---|---|---|---|---|
| **Берово** | 13.941 | 459 | 3,29 | 6 |
| **Битола** | 95.385 | 2.613 | 2,73 | 79 |
| **Велес** | 58.868 | 927 | 1,57 | 29 |
| **Виница** | 19.938 | 1.230 | 6,16 | 12 |
| **Гостивар** | 81.042 | 2.237 | 2,76 | 47 |
| **Дебар** | 19.542 | 1.080 | 5,52 | 23 |
| **Делчево** | 17.505 | 651 | 3,71 | 11 |
| **Демир Капија** | 4.545 | 16 | 0,35 | 2 |
| **Кавадарци** | 42.753 | 679 | 1,58 | 23 |
| **Кичево** | 30.138 | 1.630 | 5,4 | 31 |
| **Кочани** | 38.092 | 1.951 | 5,12 | 23 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Кратово** | 10.441 | 151 | 1,44 | 3 |
| **Крива Паланка** | 20.820 | 668 | 3,2 | 10 |
| **Куманово** | 105.484 | 4.256 | 4,03 | 56 |
| **Неготино** | 19.212 | 453 | 2,35 | 17 |
| **Охрид** | 55.749 | 69 | 0,12 | 2 |
| **Пехчево** | 5.517 | 390 | 7,06 | 8 |
| **Прилеп** | 76.768 | 4.433 | 5,77 | 87 |
| **Пробиштип** | 16.193 | 37 | 0,22 | 2 |
| **Ресен** | 16.825 | 184 | 1,13 | 10 |
| **Скопје** | 506.926 | 23.475 | 4,63 | 500 |
| **Струга** | 63.376 | 116 | 0,18 | 5 |
| **Струмица** | 54.676 | 147 | 0,26 | 0 |
| **Тетово** | 86.580 | 2.357 | 2,72 | 38 |
| **Штип** | 47.796 | 2.197 | 4,59 | 64 |

Според истражувањето на Народниот правобранител за учебната 2014/15 година во Струмица нема ниту едно прваче од ромската етничка заедница, а според Пописот од 2002 година има 147 Роми.

Бројот на запишани Роми првачиња во Берово, Демир Капија, Кратово, Крива Паланка, Охрид, Пехчево, Пробиштип и Струга се движи од 1 до 10 првачиња. До 50 запишани првачиња Роми има во Велес, Виница, Гостивар, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Неготино, Ресен, и Тетово. Повеќе од 50 првачиња Роми има во Битола, Куманово, Прилеп, Скопје и Штип.




Вкупниот број на запишани првачиња во горенаведените градови во 2014/2015 година е 5973, од кои: 3.508 Македонци, 994 Албанци, 1088 Роми, 322 Турци, 72 Срби и 3 Власи. Според вкупниот број на запишани првачиња од 1088 Роми, 553 се ученици од женски пол и 535 се од машки пол.

Најголем е бројот на запишани првачиња Роми во Скопје 500, потоа во Прилеп 87, Битола 79, Штип 64, Куманово 56 и Гостивар 47. Во Тетово има запишано 38 првачиња Роми, во Кичево 31, Велес 29, Дебар, Кавадарци и Кочани по 23 ученици.

| Етничка припадност | Број на запишани првачиња во ОУ во учебната 2014/2015 | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| **Македонци** | 3.508 | 1.864 | 1.644 |
| **Албанци** | 994 | 524 | 470 |
| **Роми** | **1088** | **535** | **553** |
| **Турци** | 322 | 178 | 144 |
| **Срби** | 72 | 36 | 36 |
| **Власи** | 3 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **5987** | **3138** | **2849** |

*Табела бр.3 :* Вкупен број на запишани првачиња во 72 основни училишта според етничката припадност и полот.




| Градови | Број на училишта | Број на ученици Роми во I одд | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|
| **Берово** | 1 | 6 | 2 | 4 |
| **Битола** | 4 | 79 | 37 | 42 |
| **Велес** | 2 | 29 | 13 | 16 |
| **Виница** | 1 | 12 | 6 | 6 |
| **Гостивар** | 3 | 47 | 23 | 24 |
| **Дебар** | 2 | 23 | 7 | 16 |
| **Делчево** | 1 | 11 | 5 | 6 |
| **Демир Капија** | 1 | 2 | 1 | 1 |
| **Кавадарци** | 5 | 23 | 9 | 14 |
| **Кичево** | 1 | 31 | 11 | 20 |
| **Кочани** | 2 | 23 | 11 | 12 |
| **Кратово** | 1 | 3 | 2 | 1 |
| **Крива Паланка** | 2 | 10 | 4 | 6 |
| **Куманово** | 6 | 56 | 24 | 32 |
| **Неготино** | 1 | 17 | 7 | 10 |
| **Охрид** | 1 | 2 | 1 | 1 |
| **Пехчево** | 1 | 8 | 2 | 6 |
| **Прилеп** | 2 | 87 | 38 | 49 |
| **Пробиштип** | 1 | 2 | 2 | 0 |
| **Ресен** | 2 | 10 | 3 | 7 |
| **Скопје** | 18 | 500 | 270 | 230 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Струга** | 1 | 5 | 3 | 2 |
| **Струмица** | 3 | 0 | 0 | 0 |
| **Тетово** | 4 | 37 | 24 | 13 |
| **Штип** | 6 | 64 | 30 | 34 |
| **Вкупно 25** | **72** | **1087** | **535** | **552** |

*Табела бр.4 Полова структура на првачиња Роми по градови*

Во учебната 2014/15 година во 25^те градови има запишано повеќе девојчиња од момчиња, односно 552 ученици од женски пол, а 535 ученици од машки пол.

Во Скопје, Кратово, Струга и Тетово има повеќе првачиња од машки пол, додека во Виница, Демир Капија, Кочани и Охрид бројот на запишани првачиња Роми од машки и женски пол е ист.

Во останатите 17 градови поголем е бројот на запишани првачиња од женски пол.

## II. Распоредени ученици Роми по паралелки во основни училишта, со минимум 2 запишани ромски ученици

Согласно анализираните податоци од добиените одговори од основните училишта каде што има запишано најмалку две првачиња Роми, во учебната 2014/2015 година, состојбата по градови, односно основни училишта е следна:

| **Берово** | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на прваčиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на прваčиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| ОУ Дедо Иљо Малешевски | 49 | 6 | 3 |
| ПОУ с.Будинарци | 5 | / | 1 |
| ПОУ с.Митрашинци | 4 | | 1 |
| ПОУ с.Двориште | 11 | | 1 |
| ПОУ с.Смојмирово | 3 | | 1 |
| ПОУ с.Ратево | 2 | | 1 |
| ПОУ с.Мачево | 2 | | 1 |
| **Вкупно** | **76** | **6** | **9** |

Во ОУ „Дедо Иљо Малешевски„-Берово, вкупно се запишани 76 прваčиња и се формирани 9 паралелки, од кои 3 во централното училиште и 6 во подрачните

училишта. Во централното училиште од 49 првачиња, 6 се Роми кои се распоредени во три паралелки и тоа: во една паралелка има 1ученик, во втората 3 ученика и во третата 2 ученика Роми.

| Битола | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| ОУ Св.Кирил и Методиј | 48 | 2 | 2 |
| ПОУ -Св.Кирил и Методиј | 5 | / | 1 |
| ОУ Даме Груев | 73 | 3 | 4 |
| ПОУ Даме Груев | 14 | / | 1 |
| ОУ Тодор Ангелески | 71 | 2 | 4 |
| ПОУ с.Стрелиште | 18 | | 1 |
| ПОУ нас .Г.Оризари | 31 | / | 2 |
| ОУ Горги Сугарев | 86 | 73 | 4 |
| **Вкупно** | **346** | **80** | **19** |

Во Битола во 4 основни училишта, вкупно се запишани 346 првачиња од кои вкупно има 80 првачиња Роми.

Најголем број на запишани првачиња Роми ( 73) има во ОУ „Горѓи Сугарев" и заедно со 12 Македонци и 1 Албанец вкупно се 86 деца во прво одделение. Формирани се 4 паралелки за првачиња: во една паралелка има деца со мешан етнички состав (12 Македонци, 1 Албанец и 5 Роми), а останатите три паралелки се етнички чисти со запишани првачиња Роми чиј број е 22 ученика во по две паралелки и 24 ученици во една паралелка.

Во ОУ „Св. Кирил и Методиј" има запишано 2 првачиња Роми, распоредени во две паралелки по 1 ученик.

Во ОУ Даме Груев од 73 првачиња, 3 се Роми и истите се во две паралеки од формираните 4. Во едната има 1 ученик Ром, а во другата 2 првачиња Роми, две се чисти македонски паралелки од кои едната е комбинирана.

Во ОУ Тодор Ангелески има 2 првачиња Роми и истите се запишани во различни паралелки, односно по 1 ученик во паралелка.

| Велес | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Благој Кирков** | 44 | 20 | 2 |
| **ОУ Даме Груев -Градско** | 43 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | **87** | **22** | **4** |

Во Велес, најголем број на ученици од ромска етничка припадност запишани во прво одделение има во ООУ „Благој Кирков“. Од вкупно 44 првачиња 20 се Роми и истите се распоредени во две паралелки, заедно со другите ученици, во едната има 8, а во другата паралелка 12 првачиња Роми.

Во ОУ Даме Груев од вкупно запишани 43 првачиња само 2 се Роми, во 1 паралелка од формираните 2, а во другата има првачиња Македонци, Бошњаци и Албанци.

| Виница | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ОУ Славчо Стојменски** | 40 | 12 | 3 |
| **ПОУ Славчо Стојменски** | 9 | / | 1 |
| **ПОУ Славчо Стојменски** | 6 | / | 1 |
| **Вкупно** | **55** | **12** | **5** |

Во Виница се запишани 55 првачиња во три основни училишта (едно централно и две подрачни), а само во едно од нив има ученици Роми чиј број е 12.

Во ООУ „Славчо Стојменски“ има 40 ученици, формирани се 3 паралелки во кои има распоредено по 4 првачиња Роми.

| Гостивар | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ОУ Гоце Делчев** | 126 | 6 | 5 |
| **ОУ Единство** | 94 | 25 | 7 |
| ПОУ с.Беловишта | 13 | / | 2 |
| ПОУ с.Циглана | 37 | 10 | 2 |
| ПОУ с.Лакавица | 2 | / | 1 |
| **ОУ Мустафа Кемал Ататурк** | **100** | **7** | **5** |
| **Вкупно** | **372** | **48** | **22** |

Во Гостивар, во 6 училишта( три централни и три подрачни) вкупниот број на запишани деца во прво одделение е 372. Во 3 училишта има 48 првачиња Роми.

Во ОУ „Гоце Делчев“ има 126 првачиња, формирани се 5 паралелки од кои 2 се на албански и 3 на македонски наставен јазик. Во училиштето има запишано 6 првачиња Роми кои се рапоредени во две македонски паралелки.

Во Централно ООУ „Единство“ и во трите подрачни училишта во село Беловишта, село Циглана и Село Лакавица има запишано 146 првачиња распределени во 12 паралелки. Роми првачиња има во централното основно училиште, нивниот број е 25 и тие се распределени во 3 паралелки на македонски јазик. Во едната има 8 правчиња Роми, во другата 9 и во третата 8.

Само во едно подрачно училиште (с.Циглана) има запишано Роми првачиња кои се распределени во 2 паралелки по пет ученици.

Во ООУ „Мустафа К. Ататурк“ има запишани 100 првачиња и се формирани 5 паралелки (3 на македонски наставен јазик, 1 на албански и 1 на турски јазик). Седумината Роми првачиња следат настава на македонски јазик и се распоредени во три паралелки. Во едната паралека има 4, во другата 2, и во третата 1 првачеРом.

| **Дебар** | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Саид Најдени** | 60 | 11 | 4 |
| **ООУ Братство-Единство** | 100 | 12 | 6 |
| **ПОУ Братство-Единство** | 12 | / | 1 |
| **Вкупно** | **172** | **23** | **11** |

Во Дебар, во 2 основни училишта има запишано ученици Роми во прво одделение. Од вкупно 172 ученици 23 се Роми, од кои 11 во ООУ „Саид Најдени“, а 12 во ООУ „Братство Единство“.

Во ООУ „Саид Најдени“ формирани се 4 паралелки, од кои 3 се на македонски наставен јазик и една паралелка на албански наставен јазик. Ромите првачиња учат на македонски јазик и се распоредени во три паралеки: во две паралелки има по 4 ученици и во третата има 3 ученици Роми.

Во централното ООУ „Братство Единство“ има запишано 100 првачиња, 12 се Роми, а се формирани 6 паралелки (4 на албански наставен јазик и 2 на македонски). Ромите првачиња се распоредени во сите паралелки.

Во 3 паралелки на албански наставен јазик има запишано по 2 ученици Роми, а во една има 1 ученик Ром.

Во двете паралелки на македонски наставен јазик има распоредено Роми првачиња и тоа во едната има 2 и во втората паралелка 3 ученици Роми.

| Делчево | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ОУ Ванчо Прќе** | 70 | 11 | 3 |
| ПОУ с.Ѕвегор | 6 | / | 1 |
| ПОУ с.Габрово | 4 | / | 1 |
| **Вкупно** | **80** | **11** | **5** |

Во 1 основно училиште во Делчево има запишано повеќе од 2 првачиња Роми. Така, во ОУ„ Ванчо Прќе“ од вкупно 70 првачиња, 11 се Роми. Првачињата Роми се запишани во централното училиште и истите се распределени во три паралелки, при што во две паралелки има по 4 првачиња и во една паралелка 3 првачиња Роми.

| Демир Капија | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ОУ Димче А Габерот** | 35 | 2 | 5 |
| **Вкупно** | **35** | **2** | **5** |

Роми првачиња има во ОУ „Димче А Габерот“ во Демир Капија. Вкупно се запишани 35 првачиња од кои 2 Роми. Двете првачиња Роми се распоредени во различни паралелки, а вкупно има 5 паралелки за сите првачиња и тоа 4 паралелки се на македонски наставен јазик и 1 на турски јазик.

| Кавадарци | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Димката А Габерот с. Ваташа** | 27 | 9 | 2 |
| **ООУ Тоде Хаџи Тефов** | 75 | 2 | 4 |
| **ООУ Страшо Пинџур** | 51 | 1 | 2 |
| **ООУ Димката А Габерот Кавадарци** | 64 | 9 | 3 |
| ПОУ с.Сопот | 6 | / | 1 |
| **ООУ Тошо Веков Пепето** | **75** | **2** | **3** |
| **Вкупно** | **298** | **23** | **15** |

Во Кавадарци, во 5 основни училишта има запишано 23 првачиња Роми кои се распоредени на следниот начин:

- во ООУ „Димката.А.Габерот“ во с. Ваташа во една паралелка има 4, а во втората 5 првачиња Роми.

- во ООУ „Т.Х.Тефов“ двете првачиња Роми се распоредени по 1 во две паралелки,
- во ООУ „Димката А Габерот“- Кавадарци 9те првачиња Роми се распределени во трите паралелки по три ученици,
- во ООУ „Тошо Веков Пепето“ има 2 првачиња Роми, распределени по едно прваче во паралелка.

| Кичево | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ЦОУ Санде Штерјоски** | 120 | 31 | 7 |
| **Вкупно** | **120** | **31** | **7** |

Во Кичево 31 прваче од ромска заедница се запишани во ЦОУ„Санде Штерјоски“, во кое има вкупно 120 првачиња. Формирани се 7 паралелки за учениците во прво одделение, но од страна на училиштето не е прикажан распоредот на првачињата Роми по паралеки.

| Кочани | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ОУ Раде Кратовче** | 57 | 22 | 3 |
| ПОУ с.Нивичани | 4 | / | 1 |
| **ОУ Никола Карев** | 36 | 1 | 2 |
| ПОУ с.Грдовци | 5 | / | 1 |
| ПОУ с.Тркање | 9 | / | 1 |
| **Вкупно** | **111** | **23** | **8** |

Во 2 основни училишта во Кочани има запишано ученици Роми во прво одделение, при што најмногу првачиња Роми (22) има во ОУ„Раде Кратовче“. Овие првачиња се распоредени во три паралелки и тоа во 2 паралелки по 9 првачиња и во едната има 4 првачиња Роми.

| Кратово | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Кочо Рацин** | 54 | 3 | 3 |
| ПОУ Старацин | **2** | | **1** |
| ПОУ Крилатица | 6 | | 1 |
| ПОУ Коњух | 2 | | 1 |
| ПОУ Сакулица | 1 | | 1 |
| ПОУ Туралево | 3 | | 1 |
| ПОУ Железница | 2 | | 1 |
| ПОУ Вакв | 1 | | 1 |
| **Вкупно** | **71** | **3** | **10** |

Во ООУ „Кочо Рацин“ заедно со 7те подрачни училишта вкупно се запишани 71 ученици во прво одделение. Роми првачиња има само во централното основно училиште и тоа 3, кои се распоредени во две од трите формирани паралелки. Во една паралелка има 2 првачиња Роми, а во другата 1 прваче.

| Крива Паланка | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Илинден** | 64 | 10 | 3 |
| ПОУ с.КОнопница | **6** | **/** | **1** |
| ПОУ с.МОждивњак | 10 | / | 1 |
| **ООУ Јоаким Крчовски** | 41 | / | 4 |
| ПОУ Огут | 1 | | 1 |
| ПОУ Нерав | 1 | | 1 |
| ПОУ Дурачка Река | 2 | | 1 |
| ПОУ Луќе | 3 | | 1 |
| **Вкупно** | **155** | **10** | **13** |

Вкупниот број на првачиња во ООУ„Јоаким Крчовски„ и ООУ „Илинден“ во Крива Паланка заедно со шестте подрачни училишта е 155. Првачиња Роми има само во централното ООУ„ Илинден“, нивниот број е 10 кои се распоредени во три паралелки. Во две паралелки има по 3 првачиња, а во третата има 4 првачиња Роми.

| Куманово | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ „Христијан Т.Карпош“** | 101 | 20 | 5 |
| ПОУ нас.И Тричковиќ | 28 | | 1 |
| ПОУ с.Тромеѓа | 12 | | 1 |
| **ООУ „Крсте Мисирков“** | 106 | 9 | 5 |
| **ООУ „11 Октомври“** | 25 | 13 | 2 |
| ПОУ Коњаре | 7 | | 1 |
| ПОУ Речица | 10 | | 1 |
| **ООУ „Магдалена Антова“** | 83 | 5 | 4 |
| **ООУ „Толи Зордумис“** | 61 | 2 | 4 |
| ПОУ с.Режановце | 8 | | 1 |
| **ООУ „Браќа Миладиновци“** | 124 | 7 | 6 |
| ПОУ с.Пчиња | 3 | | 1 |
| ПОУ с.Студена Бара | 2 | | 1 |
| **Вкупно** | **570** | **56** | **33** |

Во Куманово, во шест основни училишта има запишано вкупно 570 првачиња од кои 56 првачиња се Роми. Најголем број првачиња Роми има во ООУ „Христијан.Тодоровски Карпош“-20, кои се распоредени во петте формирани паралелки, при што во две паралелки има по 5 првачиња Роми, во други две паралелки по 4 првачиња и во една паралелка две првачиња Роми.

Во ООУ „Крсте Мисирков“ од вкупно 106 првачиња 9 се Роми. Во ова училиште се  Формирани 5 паралелки во кои се распределени учениците Роми и тоа во 2 паралелки има по две првачиња Роми, во други 2 паралеки по 1 прваче и во една паралелка има 3 првачиња Роми.

Во ООУ „11 Октомври“ има 13 првачиња Роми од вкупно 25 ученици во прво одделение. Формирани се 2 паралелки и првачињата Роми се распоредени во двете паралеки, 6 во една и 7 првачиња Роми во другата паралелка.

Во ООУ „Магдалена Антова“ вкупно се запишани 83 ученици во прво одделение, од кои 5 првачиња Роми. Тие се распоредени во 4те формирани паралелки, односно во 3 паралелки има по едно прваче и во една паралелка има 2 првачиња Роми.

Во ООУ „Толи Зордумис“ има 61 ученик во прво одделение, а 2 од нив се Роми кои се распоредени по едно во две од вкупно 4 паралелки.

Во ООУ „Браќа Миладиновци“ има 7 првачиња Роми, а вкупно се запишани 124 ученици, а се формирани 6 паралелки. Првачињата Роми се распоредени во 4 паралелки и тоа по едно прваче во две паралелки, во третата има 1 ученик Ром и во четвртата паралелка има 3 ученици Роми.

| Неготино | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Страшо Пинџур** | 63 | 1 | 2 |
| ПОУ с.Криволак | **17** | **11** | **1** |
| ПОУ с.Пепелиште | 5 | 3 | 1 |
| ПОУ с.Војшанци | 6 | | 1 |
| ПОУ с.Црвени Брегови | 6 | 2 | 1 |
| **Вкупно** | **97** | **17** | **6** |

Во ООУ „Страшо Пинџур“-Неготино кое има 4 подрачни училишта, вкупно се запишани 97 ученици во прво одделение. Ученици Роми има во 3 подрачни училишта и во централното основно училиште, вкупно 17. Формирани се 6 паралелки од кои 4 се во подрачните училишта. Најмногу првачињата Роми – 11 има во ПОУ с.Криволак**,** потоа 3 во ПОУ с.Пепелиште**,** 2 во ПОУ с.Црвени Брегови и 1 ученик во централното училиште.

| Охрид | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ОУ Братство Единство** | 98 | 2 | 7 |
| **Вкупно** | **98** | **2** | **7** |

Само во едно училиште (ООУ„Братство“) во Охрид има запишано најмалку 2 ученици Роми во прво одделение од вкупно 98 ученици. Првачињата Роми се распоредени по 1 во две различни паралелки.

| Пехчево | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Ванчо Китанов** | 46 | 3 | 2 |
| ПОУ с.Умлена | 2 | | 1 |
| ПОУ с.Панчарево | 2 | | 1 |
| ПОУ с.Црник | 11 | 5 | 1 |
| **Вкупно** | **61** | **8** | **5** |

Во Пехчево, ученици Роми во прво одделение има запишано во ООУ „Ванчо Китанов". Во ова училиште вкупно се запишани 61 ученик, од кои 8 се Роми (3 во централното училиште и 5 во ПОУ с.Црник"). Формирани се вкупно 5 паралелки за ученици во прво одделение, при што осумтемина учениците Роми се распоредени во три паралелки.

| Прилеп | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ „Кире Гавриловски Јане"** | 72 | / | 4 |
| **ООУ „Добре Јовановски"** | 131 | 87 | 6 |
| **Вкупно** | **203** | **87** | **10** |

Во Прилеп најголем број првачиња од ромска заедница се запишани во ООУ „Добре Јовановски", во кое од вкупно 131 прваче, 87 се Роми.

Во училиштето се формирани 6 паралелки и во сите шест се распоредени првачиња Роми и тоа: во две паралелки по 14 ученици, во една има 13, во една 12, 16 и 18 првачиња Роми.

| Пробиштип | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ „Браќа Миладиновци"** | 48 | 2 | 2 |
| ПОУ с.Злетово | 22 | | 1 |
| ПОУ с.Пробиштип | **15** | | **1** |
| **Вкупно** | **85** | **2** | **4** |

Во едно основно училиште во Пробиштип има запишано 2 првачиња Роми. Имено, во ООУ„Браќа Миладиновци“ заедно со двете подрачни училишта вкупно се запишани 85 првачиња од кои 37 се во двете подрачни училишта.

Првачиња Роми има во централното училиште каде вкупно се запишани 48 ученици. Двете првачиња од ромска заедница се распоредени во две паралелки во централното училиште, по едно прваче во паралелка.

| Ресен | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ОУ Мите Богоевски** | 41 | 7 | 4 ( 2 на македонски, 1 турска и 1 комб. од 1-5 одд) |
| ПОУ Мите Богоевски | **13** | | **1** |
| **ОУ Гоце Делчев** | 30 | 3 | 2 |
| ПОУ Сопотско | 2 | | 1 |
| ПОУ Избишта | 1 | | 1 |
| **Вкупно** | **87** | **10** | **9** |

Во две основни училишта во Ресен има запишано ученици од ромска заедница во прво одделение. Од вкупно 87 првачиња во овие училишта, 10 се Роми.

Во ОУ „Мите Богоевски“ има 7 првачиња Роми кои се распоредени во две паралелки  во една има 5 ученици, а во втората 2 првачиња Роми) и следат настава на македонски наставен јазик. Ученици Роми нема во паралелката на турски наставен јазик, ниту во паралелката која опфаќа ученици од прво до петто одделние( комбинирана паралелка).

Во централното ОУ „Гоце Делчев“ има запишано 30 првачиња, од кои 3 првачиња се Роми и истите се распоредени во двете формирани паралелки и тоа во едната има 2 првачиња, а во другата 1 прваче.

| Струга | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ОУ „Браќа Миладиновци“** | 139 | 5 | **7** |
| ПОУ с.Калишта | **4** | | **1** |
| **Вкупно** | **143** | **5** | **8** |

Во Струга има запишано Роми првачиња во едно основно училиште, односно ОУ„Браќа Миладиновци„. Вкупниот број на ученици во прво одделение е 143, од кои 5 се првачиња Роми. Формирани се вкупно 8 паралелки и тоа 7 во централното училиште и 1 паралелка со ученици од прво одделение во ПОУ село Калишта.

Првачињата Роми се запишани во 3-те паралелки во кои наставата се одвива на македонски наставен јазик, односно во две паралелки има по 2 првачиња а во една има 1 прваче од ромската етничка заедница.

| Тетово | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ОУ „Гоце Делчев“** | 71 | 19 | **3** (1на албански нас. јаз) |
| **ООУ „Истигбал“** | **102** | | **6 (**5 на албански наст. јазик, 1 на турски наст. јазик) |
| ПОУ с.Гајре | 4 | | 1 |
| ПОУ с.Лисец | 4 | | 1 |
| **ООУ „Наим Фрашери“** | 166 | 15 | 6 |
| **ООУ „Кирил и Методиј“** | **89** | **3** | **4 (**3 на албански наст. јазик**)** |
| ПОУ с.Фалише | 8 | | 1 |
| **Вкупно** | **444** | **37** | **22** |

Во Тетово анализата покажа дека во три основни училишта има запишано ученици од ромска заедница во прво одделение .

Во ОУ „Гоце Делчев“ има 19 првачиња Роми кои се распоредени во трите паралелки, во две на македонски наставен јазик и една на албански јазик. Бројот на ученици Роми по паралелка е 10 првачиња во една паралелка на македонски јазик, 7 во втората паралелка на македонски јазик и 2 ученици Роми во паралелка на албански наставен јазик .

Во ООУ „Наим Фрашери“ од вкупно 166 првачиња, 15 се Роми, кои се распоредени во 6 паралелки и тоа: во две паралелки по 2 првачиња, во две паралелки по 3, во една има 4 првачиња и во една има 1 прваче Ром.

Во ООУ „Кирил и Методиј“ вкупно се запишани 89 првачиња од кои 3 првачиња Роми. Ромите се распоредени во 1 паралелка, во која наставата се одвива на македонски јазик, додека во другите 3 паралелки наставата е на албански јазик.

| Штип | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Ванчо Прќе** | 127 | 6 | 6 |
| ПОУ с.Ново Село | 7 | | 1 |
| **ООУДимитар Влахов** | **99** | **6** | **4** |
| ПОУ Караорман, ПОУ Таринци, ПОУ Балван, ПОУ Радање, ПОУ Карбинци | 22 | 0 | 5 |
| ПОУ Крупиште, ПОУ Калаузлија, ПОУ Парналија, ПОУ Радање, ПОУ Кучица, ПОУ Оџалија | 14 | 0 | 6 (комбинирани со I,II, II, IV I V) |
| **ООУ Славејко Арсов** | 39 | 0 | 2 |
| **ООУ Гоце Делчев** | 80 | 41 | 3 |
| ПОУ с.Три Чешми | 10 | | 1 |
| ПОУ с.Шашаварлија | 1 | | 1 |
| **ООУ Тошо Арсов** | 95 | 11 | 4 |
| ПОУ с.Чардаклија | 3 | | 1 |
| ПОУ с.Почивало | 0 | | 0 |
| **Вкупно** | **497** | **64** | **34** |

Во Штип, првачиња Роми има запишано во 4 основни училишта и тоа во ООУ „Ванчо Прќе“, ООУ „Димитар Влахов“, ООУ „Гоце Делчев “и ООУ „Тошо Арсов“. Инаку, во горенаведените училишта вкупно се запишани 401 прваче од кои 64 се првачиња Роми.

Во ОУ „Ванчо Прќе“ има 6 првачиња Роми, кои се распоредени во три паралелки од формирани 6. Во една паралелка има 3 првачиња, во втората има 2 и во третата има 1 прваче Ром. Во останатите 3 паралелки има запишано само ученици Македонци.

Во ООУ „Димитар Влахов“ исто така има 6 првачиња Роми кои се распоредени во 4те формирани паралелки и тоа во две паралелки има по 2 првачиња, а во останатите две паралелки има по едно прваче Ром.

Во централното училиште „Гоце Делчев“ има најголем број на првачиња Роми 41, од вкупно 80 првачиња, и истите се распоредени во 3те формирани паралелки, односно во две паралелки има по 13 првачиња и во третата има 15 првачиња Роми.

Во централното училиште „Тошо Арсов“ има запишано 11 првачиња Роми, од вкупно 95 првачиња. Учениците Роми се распоредени во 4те формирани паралелки, и тоа во две паралелки има по 3 првачиња, во една има 4 првачиња Роми и во една има 1 Ром.

## III. Распоредени ученици Роми по паралелки во основни училишта во Скопје

### Приказ по општини

На територијата на град Скопје опфатени се 9 општини, а се анализирани 18 основни училишта во кои има запишано најмалку 2 ученици Роми во прво одделение.

| Аеродром | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ „Гоце Делчев“** | 57 | 4 | **3** |
| **Подрачна паралелка** | 25 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **82** | **4** | **4** |

Во едно основно училиште на територијата на општина Аеродором има запишано првачиња од ромска заедница чиј број е 4. Така, во ООУ „Гоце Делчев“ има вкупно 57 првачиња запишани во учебната 2014/2015 година, при што 4 се Роми кои се распоредени во една паралелка на македонски наставен јазик. Од останатите две паралелки една е на албански наставен јазик, а една е со ученици кои следат целодневна настава и во нив нема запишано ученици Роми.

| Гази Баба | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Наум Наумовски Борче** | 58 | 14 | 2 |
| **ООУ Дане Крапчев** | 101 | 21 | 4 |
| **Вкупно** | **159** | **35** | **6** |

Во општина Гази Баба, ученици Роми во прво одделение се запишани во 2 основни училишта, во кои вкупно има запишано 227 првачиња.

Во ООУ „Наум Наумовски Борче“ има 58 првачиња, 14 од нив се Роми кои се распоредени во двете паралелки во училиштето и тоа: во едната 8 првачиња, а во другата 6 првачиња Роми.

Во ООУ „Дане Крапчев“ од 101 прваче 21 се од ромската етничка заедница и истите се распоредени во 4те формирани паралелки, односно во две паралеки

има по 5 првачиња, во третата има 7 првачиња и во четвртата има 4 првачиња Роми.

| Ѓорче Петров | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Мирче Ацев** | 63 | 0 | 3 |
| **ООУ Ѓорче Петров** | 41 | 8 | 2 |
| **ООУ Страшо Пинџур** | 59 | 17 | 3 |
| **Вкупно** | **163** | **25** | **8** |

Во општина Ѓорче Петров првачиња Роми се запишани во 2 основни училишта. Вкупниот број на запишани ученици во прво одделение е 163, од кои 25 се Роми.

Во ООУ „Ѓорче Петров“ од вкупно 41 прваче 8 се Роми. Формирани се 2 паралелки за ученици во прво одделение и првачињата Роми се распоредени во двете паралелки, во едната има 6, а во втората 2 првачиња Роми.

Во ООУ „Страшо Пинџур“ има запишано 59 првачиња од кои 17 се Роми и истите се распоредени  во трите паралеки и тоа во две паралелки има по 6 првачиња, а во третата има 5 првачиња Роми.

| Карпош | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Аврам Писевски** | 33 | 17 | 2 |
| **Вкупно** | **33** | **17** | **2** |

Во општина Карпош во ООУ„Аврам Писевски“ вкупно се запишани 33 првачиња од кои 17 се Роми[2]. Двете првачиња Роми, кои редовно одат на настава се распоредени во двете формирани паралелки по еден ученик.

[2] Според податоците од училиштето од вкупно 17 ученици запишани во прво одделение во учебната 2014/2015 година 15 го напуштиле училиштето, односно не посетуваат настава, а се уште се водат како запишани првачиња. Училиштето известува дека причина за непосетување настава е заминување во странство или децата не сакаат да одат во училиште.

| Кисела Вода | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ „Кузман Шапкарев“** | 92 | 1 | 4 |
| **ООУ „Св Климент Охридски “** | 53 | 2 | 3 |
| **Вкупно** | **145** | **3** | **7** |

Во 2 основни училишта има запишано ученици Роми. Од вкупно 145 првачиња 3 се Роми. Две првачиња Роми во ООУ Св.„Климент Охридски“ се распоредени во две паралелки по едно прваче.

| Илинден | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Браќа Миладиновци** | 20 | 9 | 1 |
| **ПОУ с. Мршевци** | **9** | **0** | **1** |
| **ПОУ с.Текија** | 8 | 0 | 1 |
| **ООУ Његош Јурумлери** | 68 | 8 | 3 (2 мак, 1 алб) |
| **Вкупно** | 105 | 17 | 6 |

Во општина Илинден ученици Роми во прво одделение има 9 во ООУ„Браќа Миладиновци“. Во училиштето вкупно се запишани 37 ученици, од кои 20 во централното училиште и 17 во двете подрачни училишта. Во подрачните училишта нема запишано ученици Роми. 9те првачиња Роми се распоредени во една паралелка заедно со останатите ученици.

Во ООУ „Његош“ има 68 првачиња од кои 8 се Роми кои се распоредени по 4 првачиња во 2 паралелки на македонски наставен јазик, а во третата паралелка на албански наставен јазик нема запишано ученици Роми.

| Центар | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ 11 Октомври** | 63 | 5 | 2 |
| **ООУ Димитар Миладинов** | **80** | **2** | **Не одговори** |
| **ООУ Св.Кирил и Методиј** | 49 | 7 | 3 |
| **Вкупно** | 192 | 14 | 5 |

Во општина Центар во три основни училишта има вкупно 192 првачиња од кои 14 се Роми.

Во ООУ „11 Октомври“ има 5 првачиња Роми кои се распоредени во двете формирани паралелки и тоа во едната има 3 првачиња, а во втората паралелка има 2 првачиња Роми.

Во ООУ „Димитар Миладинов“ од вкупно 80 првачиња 2 се Роми, и во ООУ Св.„Кирил и Методиј“ од вкупно 49 ученици во прво одделение 7 се Роми. Овие ученици се распоредени во 3те паралелки и тоа во две паралеки има по 2 првачиња и во третата паралелка има 3 првачиња Роми.

| **Чаир** | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ Васил Главинов** | 114 | 73 | 5 |
| **ООУ Јане Сандански** | **49** | **11** | **4** |
| **Вкупно** | 163 | 84 | 9 |

Во општина Чаир има вкупно 163 првачиња во две основни училишта, од кои 84 се Роми.

Во ООУ „Васил Главинов“ од 114 ученици, 73 првачиња се Роми, односно повеќе од 50% се Роми. Во училиштето има формирано 5 паралелки, од кои 1 е на албански наставен јазик, а првачињата Роми следат настава на македонски наставен јазик и се распоредени во 4 паралелки и тоа во две паралелки се распоредени по 19 ученици Роми, во една има 18, и во друга 17 првачиња Роми.

Во ООУ „Јане Сандански“ вкупно има 49 првачиња, 11 од нив се Роми и сите се распоредени во една паралелка во која наставата се одвива на македонски јазик. Од останатите 3 паралелки, 2 се на албански наставен јазик и 1 на турски наставен јазик.

| **Шуто Оризари** | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни Училишта** | **Вкупен број на првачиња во 2014/15 год.** | **Вкупен број на првачиња Роми во 2014/15 год.** | **Број на паралелки во I одд.** |
| **ООУ „26 Јули“** | 220 | 64 | 8 (2 мак и 6 алб) |
| **ООУ „ Браќа Рамиз и Хамид“** | **240** | **237** | **10** |
| **ПОУ с. Горно Оризари** | 4 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | 464 | 301 | 19 |

Во двете основни училишта во општина Шуто Оризари-Скопје заедно со едно подрачно училиште запишани се 464 првачиња. Најголем број првачиња има во ООУ„Браќа Рамиз и Хамид“ во кое од 240 првачиња 237 (повеќе 90%) се ученици Роми.

Во ООУ„26 Јули“ од 220 ученици 64 или 29% се Роми.

Во ова училиште наставата се одвива на македонски и на албански наставен јазик, формирани се 8 паралеки за ученици во прво одделение, од кои 2 на македонски јазик и 6 на албански јазик. Учениците Роми се распоредени во двете паралелки на македонски наставен јазик.

Во ООУ „Браќа Рамиз и Хамид“ и во подрачното училиште од вкупно 244 првачиња, 6 се Македонци и 1 Бошњак, останатите 237 првачиња се Роми кои се распоредени во 10 паралелки, чиј број се движи од 23- 25 ученици.

Од табелите може да се види дека од 72 основни училишта опфатени во анализата, во 43 училишта учениците Роми се распоредени меѓу другите ученици, а нивниот број зависи од бројот на формирани паралелеки. Во останатите 29 училишта опфатени со анализата, во дел не се внимава или пак делумно се внимава учениците Роми да бидат распоредени во паралелки со други ученици во прво одделение.

| **Општина** | **Број на основни училишта** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Аеродром** | 1 | 72 | 6 | | 4 | | | | |
| **Гази Баба** | 2 | 116 | 6 | 1 | 35 | | 1 | | |
| **Ѓ.Петров** | 3 | 128 | 2 | | 25 | | 1 | 2 | 7 |
| **Карпош** | 1 | 14 | 2 | | 17 | | | | |
| **Кисела Вода** | 2 | 141 | | | 3 | | | 1 | |
| **Илинден** | 2 | 70 | 16 | | 17 | | 2 | | |
| **Центар** | 3 | 161 | 1 | | 14 | 1 | 3 | 9 | 3 |
| **Чаир** | 2 | 12 | 61 | 4 | 84 | | | | |
| **Ш.Оризари** | 2 | 6 | 156 | | 301 | | | 1 | |
| **Вкупно** | **18** | **720** | **250** | **5** | **500** | **1** | **7** | **13** | **10** |

*Табела бр.5 Приказ на анализирани основни училишта со најмалку 2 запишани првачиња Роми по општини во Скопје*

## IV. Податоци од Министерство за образование и наука

Народниот правобранител, за потребите на ова истражување побара податоци и од Министерството за образование и наука, при што првично беа побарани податоци на почетокот на учебната 2014/2015 година, а потоа при крајот, односно во мај 2015 година.

| Градови | Број на анализирани училишта | Број на Роми во прво одд. | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|
| **Берово** | 1 | 8 | 3 | 5 |
| **Битола** | 4 | 72 | 33 | 39 |
| **Велес** | 2 | 30 | 15 | 15 |
| **Виница** | 1 | 12 | 6 | 6 |
| **Гостивар** | 3 | 49 | 19 | 30 |
| **Дебар** | 2 | 22 | 6 | 16 |
| **Делчево** | 1 | 3 | 2 | 1 |
| **Демир Капија** | 1 | 2 | 1 | 1 |
| **Кавадарци** | 5 | 26 | 11 | 15 |
| **Кичево** | 1 | 38 | 19 | 19 |
| **Кочани** | 2 | 22 | 11 | 11 |
| **Кратово** | 1 | 3 | 2 | 1 |
| **Крива Паланка** | 2 | 10 | 5 | 5 |
| **Куманово** | 6 | 59 | 30 | 29 |
| **Неготино** | 1 | 18 | 8 | 10 |
| **Охрид** | 1 | 2 | 2 | 0 |
| **Пехчево** | 1 | 9 | 2 | 7 |
| **Прилеп** | 2 | 79 | 34 | 45 |
| **Пробиштип** | 1 | 2 | 2 | 0 |
| **Ресен** | 2 | 12 | 3 | 9 |
| **Скопје** | 18 | 515 | 262 | 253 |
| **Струга** | 1 | 4 | 4 | 0 |
| **Струмица** | 3 | 1 | 0 | 1 |
| **Тетово** | 4 | 37 | 24 | 13 |
| **Штип** | 6 | 66 | 31 | 35 |
| **Вкупно 25 градови** | **72** | **1101** | **535** | **566** |

*Табела бр.6 Број на запишани ученици Роми во прво одделение според податоците на Министерство за образование и наука*

Споредбено со податоците добиени од МОН во дел од градовите, податоците добиени од ова истражување анализата на Прашалникот доставен од Народниот правобранител се совпаѓаат со податоците на Министерството за образование и наука, а во дел од градовите овие податоци се разидуваат. Таков е случајот со податоците за градовите: Берово, Битола, Велес, Гостивар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Куманово, Неготино, Прилеп, Ресен, Струга, Струмица, Тетово и Штип[3].

Споредбено, податоците доставени до Народниот правобранител по однос на упатениот прашалник и податоците на Министерството за образование и наука се следни:

| Градови | Број на опфатени училишта | Број на ученици Роми според податоците од Прашалниците доставени до НП | Број на ученици Роми според податоците од МОН |
|---|---|---|---|
| **Берово** | **1** | **6** | **8** |
| **Битола** | **4** | **79** | **72** |
| **Велес** | **2** | **29** | **30** |
| **Виница** | **1** | **12** | **12** |
| **Гостивар** | **3** | **47** | **49** |
| **Дебар** | **2** | **23** | **22** |
| **Делчево** | **1** | **11** | **3** |
| **Демир Капија** | **1** | **2** | **2** |
| **Кавадарци** | **5** | **23** | **26** |
| **Кичево** | **1** | **31** | **38** |
| **Кочани** | **2** | **23** | **22** |

[3] При проверка на податоците, во контактите со службените лица во основни училишта опфатени во анализата, добиено е образложение дека во меѓувреме дел од учениците од ромската заедница се запишале во други училишта, се преселени во други градови/места или пак се заминати во странство, поради што бројот на запишани првачиња на почетокот на годината и бројот на завршени ученици од ромската заедница на крајот од учебната година не е ист. Исто така, како причина за разликата во бројките за запишани првачиње се наведува и фактот дека дел од учениците се запишале подоцна, а некои се префрлиле од други училишта.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Кратово** | **1** | **3** | **3** |
| **Крива Паланка** | **2** | **10** | **10** |
| **Куманово** | **6** | **56** | **59** |
| **Неготино** | **1** | **17** | **18** |
| **Охрид** | **1** | **2** | **2** |
| **Пехчево** | **1** | **8** | **9** |
| **Прилеп** | **2** | **87** | **79** |
| **Пробиштип** | **1** | **2** | **2** |
| **Ресен** | **2** | **10** | **12** |
| **Скопје** | **18** | **500** | **515** |
| **Струга** | **1** | **5** | **4** |
| **Струмица** | **3** | **0** | **1** |
| **Тетово** | **4** | **37** | **37** |
| **Штип** | **6** | **64** | **66** |
| **Вкупно 25 градови** | **72** | **1088** | **1101** |

*Табела бр.7 Споредбени податоци за број на запишани првачиња Роми*

Според анализата на одговорите доставени од основните училишта во горенаведените градови, во кои има најмалку 2 првачиња Роми, вкупно се запишани 1088 првачиња од ромска заедница во учебната 2014/15 година, што е за 13 ученици помалку, споредбено со податоците доставени од Министерството за образование и наука .

Поголеми отстапувања во однос на бројот на запишани ученици Роми има во Прилеп и Делчево 8 ученици, Кичево 7 ученици, Битола 7 и Скопје 15 ученици.

## V. Запишување на првачињата согласно Одлуката за реонизација

Согласно член 46 од Законот за основното образование, основните училишта се должни да ги опфатат учениците од својот реон при уписите во прво одделение, а може да се вршат уписи и на ученици од друг реон или општина само доколку има слободни места во училиштето. Според член 50 од истиот

закон, родителот може да го запише детето во друго училиште од друг реон само доколку има согласност за упис од училиштето.

Анализата на податоците добиени од основните училишта, како и забелешките на училиштата по однос на примената на Одлуката за реонизација при уписите во прво одделение, покажува дека во некои основни училишта не се почитува Одлуката за реонизација, односно учениците се запишуваат согласно барањата и желбите на родителите.

Имено, анализата покажа дека од 25те градови опфатени во истражувањето само во Кичево нема Одлука за реонизација. Во останатите градови Одлука за реонизација има, но истата не се применува подеднакво насекаде. Врз основа на одговорите на основните училишта, по однос на ова прашање, изготвена е табелата подолу од која се гледа во кои училишта и градови уписите на првачиња се вршат согласно Одлуката за реонизација, а во кои не.

| **Училишта во кои се врши упис на првачиња согласно Одлука за реонизација** | **Училишта во кои не се запишуваат првачиња согласно одлуката за реонизација** |
|---|---|
| | **<u>Берово</u>**<br>**1.** ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ |
| **<u>Битола</u>**<br>1.ОУ „Тодор Ангелевски“ | **<u>Битола</u>**<br>1. ОУ„Даме Груев“<br>2. ОУ „Ѓорги Сугарев<br>3. ОУ „Св. Кирил и Методиј“ |
| **<u>Велес, Градско</u>**<br>1.ОУ „Даме Груев“ | **<u>Велес</u>**<br>1. ООУ „Благој Кирков“ |
| **<u>Виница</u>**<br>1.ОУ „Славчо Стојменски“ | |
| **<u>Гостивар</u>**<br>1. ОУ „Единство Башким - Бирлик“<br>2.ОУ „Гоце Делчев“<br>3. ОУ „Мустафа Кемал Ататурк“ | |
| **<u>Дебар</u>**<br>1. ООУ „Саид Најдени“ | |
| **<u>Демир Капија</u>** – | |

| | |
|---|---|
| 1. ОУ „Димче А. Габерот“ | |
| **<u>Кавадарци</u>**<br>1. ООУ „Страшо Пинџур“<br>2. ООУ „Toде Хаџи Тефов“<br>3. ОУ „Тошо Велков - Пепето“ <u>с. Ваташа</u> | **<u>Кавадарци</u>**<br>1. ООУ „Димката Ангелов Габерот“<br>2. ОУ „Димката А. Габерот“ |
| | **<u>Кичево</u>**<br>1. ЦОУ „Санде Штерјоски“ |
| | **<u>Кочани</u>**<br>1. ОУ „Раде Кратовче“ |
| **<u>Кратово</u>**<br>1. ООУ „Кочо Рацин“ | |
| **<u>Крива Паланка</u>**<br>1. ООУ „Илинден“<br>2. ООУ „Јоаким Крчовски“ | |
| **<u>Куманово</u>**<br>1.ООУ „Христијан Карпош“<br>2. ООУ „Браќа Миладиновци“ | **<u>Куманово</u>**<br>1. ООУ „11 Октомври“<br>2.ООУ „Крсте Мисирков“<br>3. ООУ „Толи Зордумис“ |
| **<u>Пехчево</u>**<br>1. ООУ „Ванчо Китанов“ | |
| **<u>Прилеп</u>**<br>1. ООУ „Кире Гаврилоски - Јане“ | **<u>Прилеп</u>**<br>1. ООУ „Добре Јовановски“ |
| **<u>Пробиштип</u>**<br>1. ООУ „Браќа Миладиновци“ | |
| **<u>Ресен</u>**<br>1. ОУ „Гоце Делчев“<br>2. ОУ „Мите Богоевски“ | |
| **<u>Скопје</u>**<br>**<u>Аеродром</u>**<br>1. ООУ „Гоце Дечев“ | **<u>Скопје</u>** |

| | |
|---|---|
| **Гази Баба**<br>1. ООУ „Наум Наумовски - Борче“ | **Гази Баба**<br>1. ОУ „Дане Крапчев“ |
| **Ѓорче Петров**<br>1.ООУ „Ѓорче Петров“<br>2.ОУ „Мирче Ацев“<br>3. ООУ „Страшо Пинџур“ | |
| | **Карпош, С. Бардовци**<br>1.ОУ „Аврам Писевски“ |
| **Илинден**<br>1. ОУ „Браќа Миладиновци“ | **Илинден**<br>1. - ООУ „Његош“<br>**2.** Јурумлери |
| **Кисела Вода**<br>1. ООУ „Кузман Шапкарев“ | **Кисела Вода, с. Драчево**<br>1. ОУ „Св. Климент Охридски“ |
| **Центар**<br>1.ООУ „11 Октомври“ | **Центар**<br>1.ОУ „Св. Кирил и Методиј“ |
| | **Чаир**<br>1.ОУ „Васил Главинов“<br>2.ОУ „Јане Сандански“ |
| | **Шуто Оризари**<br>1.ОУ „26 Јули“<br>2.ОУ „Браќа Рамиз и Хамид“ |
| | **Струга**<br>1. ОУ „Браќа Миладиновци“ |
| **Струмица**<br>1. – ООУ „Гоце Делчев“- Василево | **Струмица**<br>1. ООУ „Маршал Тито“<br>2.ООУ „Никола Вапцаров“ |
| **Тетово**<br>1.ОУ „Гоце Делчев“<br>2.ООУ „Истикбал“ | **Тетово**<br>1. ООУ „Св. Кирил и Методиј“ |

| | |
|---|---|
| 3.ООУ „Наим Фрашери“ | |
| **Штип**<br>1. ООУ „Димитар Влахов“<br>2. ООУ „Славејко Арсов“<br>3. ООУ „Страшо Пинџур“- **Карбинци** | **Штип**<br>1.ООУ „Ванчо Прќе“<br>2. ООУ „Гоце Делчев“<br>3. ООУ „Тошо Арсов“ |

*Табела бр.8-Споредбени податоци на училишта за почитување на одлуката за реонизација*

Оттука, уписи на првачиња согласно Одлука за реонизација се реализираат во 8 градови: Виница, Гостивар, Дебар, Демир Капија, Кратово, Крива Паланка, Пехчево, Пробиштип и Ресен.

Во основните училишта опфатени со истражувањето во градовите Берово, Кичево, Кочани и Струга, анализата на добиените податоци покажа дека уписите на првачињата не се врши во согласност со Одлуката за реонизација.

Во Битола, Велес, Кавадарци, Куманово, Прилеп, Скопје, Струмица, Тетово и Штип, уписите на првачиња во основните училишта опфатени со анализата делумно се спроведуваат според одлуката за реонизација.

Во Битола од опфатени 4 основни училишта само во едно училиште уписите на првачиња се вршат согласно Одлуката за реонизација.

Во Велес и Прилеп се опфатени по 2 училишта, и во двата градови по едно училиште ја почитува одлуката за реонизација, додека по едно од училиштата уписите не се одвиваат согласно Одлуката

Во Кавадарци од опфатени 5 основни училишта во две училишта при уписите на првачиња Одлуката за реонизација не се почитува доследно.

Во Куманово, исто така се опфатени 5 основни училишта од кои во 3 училишта уписите не се спроведуваат согласно одлуката за Реонизација.

Во Скопје во општина Аеродром опфатено е 1 училиште и во истото уписите се одвиваат согласно Одлуката за реонизација.

Во Гази Баба, Илинден, Кисела Вода и во општина Центар се опфатени по две основни училишта од кои во едното се почитува одлуката за реонизација, а во другото при уписите Одлуката за реонизација не се почитува доследно.

Во Ѓорче Петров се опфатени 3 основни училишта и во сите три уписите на првачињата се одвиваат согласно Одлуката за реонизација.

Во општините Чаир и Шуто Оризари се опфатени по 2 основни училиште и во истите при уписите на првачиња Одлуката за реонизација не се почитува доследно.

Во Струмица опфатени се три основни училишта од кои само во едно уписите се одвиваат согласно Одлуката за реонизација.

Во Тетово од 4 основни училишта опфатени во анализата, уписите се одвиваат согласно Одлуката за реонизација во 3 училишта, а во 1 училиште Одлуката не се спроведува во целост.

Во Штип од 6 училишта опфатени со ова истражување, во 3 училишта при уписите на првачиња Одлуката за реонизација не се почитува доследно, а во другите три се почитува.

Седум основни училишта не доставија податоци во врска со примената/почитувањето на Одлуката за реонизација (ОУ „Ванчо Прќе“ -Делчево, ООУ „Братство Единство“- Дебар, ОУ „Никола Карев“- Кочани, ООУ „Магдалена Антова“- Куманово, ООУ „Страшо Пинџур“ –Неготино, ОУ „Братство Единство“ – Охрид и ООУ „Димитар Миладинов“ -Центар, Скопје), поради што истите не се опфатени во анализата.

Во тој контекст, 29 од 65 основни училишта кои одговориле на прашањето за спроведување/неспроведување на одлуката за реонизација, посочија дека при уписите одлуката за реонизација не се спроведува доследно.

Според одговорите, како причини за непочитување на одлуката за реонизација се наведени следниве неколку:

- војлата на родителите за упис на децата, односно изборот на училиште во друг реон, најчесто поради оддалеченоста на училиштето од работното место на родителите,

- Промена на местото на живеење кое не е регулирано со промена и на адреса на живеење во личните карти,

- Потребата од следење на целодневна настава на децата,

- Одбивањето на родителите да ги запишат децата во училиште според Одлуката за реонизација, поради големиот број на ученици Роми во тоа училиште.

- Последното како појава е особено забележана во ОУ „Аврам Писевски“ во Карпош, ОУ „Добре Јовановски“ во Прилеп и ОУ „Гоце Делчев“ во Штип, и „Ѓорѓи Сугарев“-Битола каде родителите Македонци одбиваат да ги запишуваат своите деца во училиштата каде има првачиња Роми.



**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:**

Бројот на запишани првачиња Роми на почетокот и на крајот на учебната година не е ист, односно константен, а како причина е заминување во странство, сезонската работа на родителите, преселувањето од еден во друг реон/град, како и незаинтересираност на родителите за редовно посетување на настава на нивните деца, што укажува на потребата од преземање соодветни мерки за надминување на ваквата состојба. Исто така, при формирање на паралелките за ученици во прво одделение не секогаш се води сметка за рамномерно распоредување на учениците Роми меѓу учениците од друга етничка заедница, согласно бројот на формираните паралелки, поради што во дел од основните училишта учениците Роми се распоредуваат во иста парaралелка, иако има формирано и други паралелки или пак се распоредени по различни паралелки, без притоа да се води сметка за нивниот број.

Во општините има Одлука за реонизација која не се спроведува доследно и подеднакво во сите основни училишта, па има случаи кога училишта на територија на една општина не ја почитуваат целосно или воопшто не ја почитуваат Одлуката при запишување на правчиња. Едновремено, има училишта во кои паралелките се чисто етнички не само поради наставниот јазик на кој се одвива наставниот процес, туку и поради одбивање на родителите кои не се од Ромска етничка припадност да ги запишат децата во училиштето во кое согласно Одлуката за реонизација требало да бидат запишани, само поради тоа што во училиштето има ученици Роми.

За надминување на горенаведените слабости во делот на инклузијата на Ромите во прво одделение основно образование, со цел запазување, негување и развој на мултиетничноста во училиштата во Република Македонија **<u>Народниот правобранител препорачува:</u>**

Министерството за образование и наука, локалната самоуправа и училиштата секој во рамките на надлежностите да преземат мерки со цел задржување на учениците Роми во училиштата и надминување на проблемот со

осипување на учениците Роми од основно образование. Во тој контекст, Народниот правобранител препорачува да се реализираат активности со поголемо вклучување на родителите Роми за зајакнување на нивните капацитети, во насока на подигнување на свеста за значењето на образованието кое е бесплатно и задолжително, но и активности меѓу родителите и децата од различна етничка припадност, со цел почитување на различностите и културите на другите етникуми и подигнување на степенот на меѓуетничка интеграција во сите сегменти на образовниот процес.

При запишување на учениците во прво одделение, од страна на училиштата да се води сметка за бројот на учениците Роми и нивно соодветно и рамномерно распоредување меѓу учениците од друга етничка заедница, вклучување на родителите Роми во органите на училиштето (пример Совет на родители) со цел јакнење на одговорноста за прашања поврзани со образованието на децата генерално, вклучително и за учениците од ромска заедница. Годишната програма и планирања на наставниците да се збогатат со содржини од меѓуетничка интеграција и соработка меѓу учениците, но и нивните родители.

Почитување на Одлуката за реонизација  од страна на сите основни училишта на подеднаква основа заради непречено остварување на правото на бесплатно и задолжително основно образование, како и преземање мерки од страна на локалните самоуправи во насока на ревидирање на постојните одлуките за реонизација  со цел елиминирање на можноста за сегрегирани паралелки, односно училишта само со ученици од ромска заедница.

Исто така, неопходно е поактивно дејствување на надлежните служби на локалните самоуправи, особено Комисиите за односи меѓу заедниците со цел креирање на политики кои ќе придонесат за подигнување на свеста на родителите и децата за меѓуетнички соживот, имплементирање на принципите на мултикултура, заедништво и толеранција и намалување на сегрегацијата кон учениците од ромската заедница во образованиот процес.